Влада на Република Северна Македонија

Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

| | |
|---|---|
| Дата: | 31.03.2026 |
| Архивски број: | 34-9/1 |
| До: | **Министерство за здравство** |
| Предмет: | Барање за посеопфатно вклучување на граѓанските организации во процесот на подготовка на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита |

Почитувани,

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, на седницата одржана на 26.3.2026 година, заклучи дека е потребно посеопфатно вклучување на граѓанските организации во процесот на подготовка на измените и дополнувањата на Законот за здравствената заштита.

Имено, согласно Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2024-2028, во три последователни акциски планови препознаена е потребата од зголемено учество на граѓанските организации во давање услуги за потребите на заедницата и воспоставување на функционален и долгорочен механизам за финансирање на активностите од Програмата за заштита на населението од ХИВ кои ги спроведуваат граѓанските организации. Во текот на 2025 година, Министерството за здравство формира работни групи за измени во повеќе од 12 закони, вклучувајќи го и Законот за здравствената заштита. И покрај формирањето на работна група за измени и дополнувања на Законот за здравствената заштита, граѓанските организации кои беа именувани за учество во работната група не беа поканети на ниту еден состанок на истата.

На 17.2.2026 година, Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита беше објавен на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР). Граѓанските организации кои се членки на Платформата за ХИВ својот придонес го дадоа со коментари на одредбите на Предлог-законот на ЕНЕР.

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество ги поздравува измените и дополнувањата на Законот за здравствената заштита кои имаат за цел да се донесат подобри решенија во делот на постапката за вработување на здравствени работници и соработници во јавни здравствени установи, статусот на директорите на јавните здравствени установи, специјализациите и супспецијализациите, условите за пензионирање на здравствените работници и работа после пензионирањето.

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество бара информација за статусот на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, односно дали се прифатени предлозите кои беа дадени на ЕНЕР од страна на Платформата за ХИВ, како и вклучување на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во финализирањето на измените и дополнувањата на Законот за здравствената заштита.

Со почит,

Претседателка на Советот за соработка
меѓу Владата и граѓанското општество
Никица Кусиникова

Подготвила: Весна Тасевска, помошник раководител на Сектор за анализа на политиките и координација, за соработка со граѓанскиот сектор
Одобрила: Сузана Никодијевиќ Филиповска, раководител на Сектор за анализа на политиките и координација